Европска Унија

Европа за граѓаните

Министерство за образование и наука

Општина Крива Паланка

# Покана за учество

Во рамките на активностите за промоција на Програмата на Европската Унија Европа за граѓаните, Контакт точката за Програмата при Министерството за образование и наука г-ѓа Анета Трпевска, во соработка со Информативниот центар на Делегацијата на Европската Унија и информативната мрежа за ЕУ, Општина Крива Паланка организираат Информативен ден и презентација на Акциите предложени во рамките на програмата.

Програмата Европа за граѓаните поддржува активности кои имаат за цел промоција на соработката помеѓу земјите членки во различни области поврзани со заедничките политики на Европската Унија. Програмата овозможува финансиска поддршка на проекти што промовираат активно европско граѓанство, помагаат за јакнење на чувството на граѓаните за европскиот идентитет и за припадност на ЕУ, како и за зајакнување на меѓукултурниот дијалог.

Во Програмата можат да учествуваат единици на локалната самоуправа, организации што се занимаваат со истражување на европските јавни политики, невладини организации/здруженија на граѓани, синдикати, образовни институции и останати видови организации активни во различни области.

Во рамките на презентацијата ќе се овозможи запознавање со различните видови поддршка што ги обезбедува Програмата, а подетално ќе бидат презентирани можностите за организирање состаноци на збратимени градови, преку Акцијата за подршка на активности во кои се вклучени граѓаните со кои се обезбедува зближување на луѓето од локалните општини ширум Европа и размена на мислења, искуства и вредности.

Ве покануваме да присуствувате на Презентацијата , кој ќе се одржи на 29-ти февруари 2012год. од 12:00 до 13.00 часот, во зградата на Општина Крива Паланка Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр.175

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Арсенчо Алексовски